ПРЕДЛАГАЧ: Влада на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Панче Тошковски, министер за внатрешни работи,

Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт,

м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана и

д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија

ПОВЕРЕНИК: Стојанче Ангелов, директор на Дирекција за заштита и спасување и раководител на Групата за процена

# ПРЕДЛОГ НА ОДЛУКА
за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија

Скопје, април 2026 година

Врз основа на членот 68 став 2 од Уставот на Република Северна Македонија, а во врска со членот 31 став 5 од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21 и 124/25), Собранието на Република Северна Македонија на седницата одржана на ________ 2026 година, донесе

ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РОКОТ ЗА ПОСТОЕЊЕ НА КРИЗНА СОСТОЈБА ЗАРАДИ МОЖНОСТ ЗА НАСТАНУВАЊЕ НА ПОРЕМЕТУВАЊЕ НА СНАБДУВАЊЕ СО НАФТА И НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука се одобрува продолжување на рокот за постоење на кризна состојба утврдена во Одлуката за постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 59/26), до 20 јули 2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 21 април 2026 година.

Бр.
_________ 2026 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија

Африм Гаши

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На 28.02.2026 година Соединетите Американски Држави и Израел извршија воздушни напади врз Исламската Република Иран. Како одговор на овие напади Иран нападна неколку бродови во водите на Арапското море, Оманскиот Залив и Ормускиот Теснец. Со овие напади неофицијално е затворен Ормускиот Теснец преку кој поминува околу една петтина од светската нафта. Според некои проценки сообраќајот на нафта низ Ормускиот теснец е намален за 90% поради што постои опасност од недостаток на нафта на светско ниво и значително зголемување на цената на нафтата на светските пазари. Овие настани и појави негативно се одразија и на Република С.Македонија.

На 22.03.2026 раководителот на Групата за процена ја свика 2-та седница на Групата согласно Законот за управување со кризи, член 3, став 2, точка 8, каде се предвидени ризици и опасности како последици од судир на интереси за користење на изворите и патиштата на стратегиските енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република С. Македонија. На оваа седница се разгледа потребата од прогласување на кризна состојба во снабдувањето со стратегиски енергенси. Членовите на Групата за процена едногласно го прифатија заклучокот за доставување предлог до Управувачкиот комитет за доставување предлог до Владата на Република С. Македонија, за прогласување на кризна состојба на територијата на Република С. Македонија во траење од 30 дена, заради постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси.

На 22.03.2026 година, се одржа првата седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со Системот за управување со кризи. На оваа седница Управувачкиот комитет го разгледа Записникот од 2-та седница на Групата за процена и го усвои заклучокот од наведената седница со кој се предлага прогласување на кризна состојба во траење од 30 дена. Управувачкиот комитет достави предлог до Владата на Република С. Македонија за донесување на Одлука за прогласување на кризна состојба на територијата на Република С. Македонија, заради постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси, во траење од 30 дена.

На 22.03.2026 година се одржа 158-та седница на Владата на Република С.Македонија. На оваа седница, Владата го разгледа и усвои записникот од првата седница на Управувачкиот комитет и донесе Одлука за постоење на кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на територијата на Република С. Македонија. (Сл. Весник на РСМ бр.59/2026 од 22.03.2026). Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба во траење од 30 дена заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на населението, како последица од постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република С Македонија. На истата седница Владата донесе Одлука за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка (Сл. Весник на РСМ бр.60/2026 од 23.03.2026). Со оваа одлука се утврдува повластена стапка на данокот на додадена вредност (ДДВ) од 10% за енергенсите, во временскиот период од 24.03 до 06.04.2026 година.

На 05.04.2026 година се одржа вонредна седница на Владата на Република С Македонија. На оваа седница, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка (Сл. Весник на РСМ бр.73/2026 од 05.04.2026). Со оваа одлука временскиот период на важност на повластена стапка на данокот на додадена вредност (ДДВ) од 10% за енергенсите, се продолжува до 20.04.2026 година. На истата седница Владата донесе Одлука за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата (Сл. Весник на РСМ бр.73/2026

од 05.04.2026). Со оваа одлука се намалуваат акцизите на дизелот за 4 денари, а на 95 и 98 октански безоловни бензини за 2 денари. Одлуката ќе се применува во временскиот период од 07.04 до 20.04.2026 година.

Со оглед на околностите и ризиците и опасностите кои се причина за прогласување на кризната состојба, а се уште не се надминати, на ден 09.04.2026 година одржана е 3-та седница на Групата за процена на ризици и опасности и разгледана е точката Проценување на потребата од продолжување на прогласената кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на населението, како последица од постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република Северна Македонија, која истекува на 20.04.2026 година и Групата за процена на ризици и опасности предлага до Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата на Република Северна Македонија да достави предлог до Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на прогласената Кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на населението, како последица од постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република Северна Македонија, во траење од 90 дена.

Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи на седницата одржана на 09.04.2026 година одржа 2-ра седница и предлага на Владата на Република Северна Македонија продолжување на прогласената Кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на населението, како последица од постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република Северна Македонија, во траење од 90 дена.

Владата на Република Северна Македонија го утврди текстот на Предлогот на одлука за продолжување на кризната состојба за продолжување на прогласената Кризна состојба заради можност за настанување на пореметување на снабдување со нафта и нафтени деривати на населението, како последица од постоење на ризици и опасности во снабдувањето со стратегиски енергенси, како и попречување и блокирање на нивниот увоз во Република Северна Македонија и заклучи да го достави на разгледување до Собранието на Република Северна Македонија.